Друштво за производство, промет услуги и посредување ЗОТЕБРОС ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-03/19
11.01 2019 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0304-5511
10.01 2019 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
**за јавна набавка на стоки**
**по Оглас 21 /2018**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. ЈЗУУ Клиника за Неврологија,
ул. Водњанска бр.17, Скопје - Р.Македонија застапувана од В.Д.Директор Д-р. Иван Барбов (во понатамошниот текст Набавувач) од една страна, и

**2.** Зотеброс ДООЕЛ., адреса ул.Титоградска бр.2 1000 Скопје со ЕМБС **5952948** застапуван(о) од Управител Златко Левески, (во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач) од друга страна.

## II.ДЕФИНИЦИИ

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:
1)"Набавувач"- е субјект дефиниран во член 1 од Законот за јавните набавки.
2)"Добавувач"- е носител на набавката - домашно или странско правни или физичко лице.

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор за јавна набавка се **стоки** , **ИНФОРМАТИЧКА ОПРЕМА**
**Дел-1 - Персонални компјутери - 1**
**Дел-2 - Персонални компјутери - 2**
според техничка спецификација дадена во тендерска документација и прифатената понуда на добавувачот која е составен дел на овој договор.

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Единечната цена на услугите е дадена во прифатената понуда на добавувачот.
**ЗА ДЕЛ 1 - Персонални компјутери - 1**
Вкупната цена на стоките изнесува 201 000.00 денари без ДДВ, ДДВ е 10 050.00 денари, вкупна цена со ДДВ е 211 049.9985 денари.
**ЗА ДЕЛ 2 - Персонални компјутери - 2**
Вкупната цена на стоките изнесува 44 500.00 денари без ДДВ, ДДВ е 2 225.00 денари, вкупна цена со ДДВ е 46 725.00 денари.

**Вкупна вредност на договорот со ДДВ: 257 774.9985 денари**

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се склучува за период од една година. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

**Член 6**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од 30 дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка, по уредно спроведена нарачка од Клиниката, потрошниот материјал да го има на лагер постојано.